***Број: 02 - 4720/2***
***11.04.2008 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од XXXII -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 11.04.2008 во 10.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство-претседател;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член. Отсутна поради службено патување во странство;*
- *Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ;*
- *Љатиф Аљиљи, заменик на директорот на ФЗОМ;*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, помошник на директорот за финансии;*
- *Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за човечки ресурси (делумно присутна);*

- *Златко Алексов, директор за јавни набавки (делумно присутен);*
- *Стојан Петрески, началник на одделението за имотно правни односи (делумно присутен);*
- *Лидија Маркузанова, началник на одделение за човечки ресурси (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*Претседателот на Управниот одбор Аљбон Џемаили ја отвори седницата. Утврди дека на седницата присуствуваат четири членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување. Потоа го предложи следниот*

***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н   Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од XXXI седница на УО одржана на 21.03.2008 година.*

1. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
2. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала;*
3. *Информација за фактури од Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори“;*
4. *Приговор од работникот Брсакоски Благоја;*
5. *Поднесок од работникот Герасим Тренчески;*
6. *Барање од Здравствен дом Кавадарци за зголемување на буџетскиот плафон;*
7. *Барање од Специјалната болница Лешок за одобрување на средства за транспорт на апарати;*
8. *Барање на средства од Општа болница Охрид за санирање на претрпените оштетувања;*
9. *Разно*

*Потоа претседателот праша дали има и други предлози за дополнување на дневниот ред.*

*Страшо Наумоски предложи со оглед на чувствителноста на проблематиката што ја уредува Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување предложен за разгледување под точка 1 на дневниот ред, како и со оглед на фактот што пред извесно време беше менуван (во делот за избор на матичен лекар), да се симне од дневниот ред за да може предлогот да се разгледа и во рамките на Лекарската комора.*

*Директорот Тренкоски и Стојан Петрески објаснија дека е потребно да се донесе овој правилник на денешната седница од причина што осигурениците имаат проблеми во остварувањето на правата. Имено, некои избрани лекари не сакаат да примат пациенти кои се осигурени преку друга подрачна служба.*

*Страшо Наумоски предложи доколку е тоа потребно, правилникот да се разгледа, но евентуалните забелешки на Лекарската комора на текстот да се разгледаат на наредната седница. Откако останатите членови на Управниот одбор се согласија со ваквиот предлог и Страшо Наумоски се согласи правилникот да не се симнува од дневниот ред.*

*Директорот Тренкоски предложи да се извршат неколку дополнувања на дневниот ред, и тоа да се разгледа предлогот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, и на Управниот одбор да му се презентираат информациите за Клиниката за пулмологија и за тендерот за лекови.*

*Претседателот Аљбон Џемаили предложи да се разгледа и барањето за плаќање на заостанат придонес на рати упатено до Управниот одбор од „Слога“ ДООЕЛ од с. Умин Дол, Куманово.*

*Членовите на Управниот одбор се согласија со предлозите за дополнување, по што го усвоија следниот*

***Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од XXXI седница на УО одржана на 21.03.2008 година.*

1. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
2. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала;*
3. *Информација за фактури од Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори“;*
4. *Приговор од работникот Брсакоски Благоја;*
5. *Поднесок од работникот Герасим Тренчески;*
6. *Барање од Здравствен дом Кавадарци за зголемување на буџетскиот плафон;*
7. *Барање од Специјалната болница Лешок за одобрување на средства за транспорт на апарати;*
8. *Барање на средства од Општа болница Охрид за санирање на претрпените оштетувања;*
9. *Разно*

*Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

*Информација за Клиниката за пулмологија;*

*Информација за тендерот за лекови;*

*Барање за плаќање на заостанат придонес на рати од „Слога“ ДООЕЛ од с. Умин Дол, Куманово*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од XXXI седница на Управниот одбор одржана на 21.03.2008 година.*

*Страшо Наумоски побара записникот под точката 9.8 да се дополни со објаснување на што се однесува усвоениот Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија односно какви измени и дополнувања се усвојуваат.*

*Останатите членови на Управниот одбор се согласија со потребата за вакво дополнување, побараа тоа да се внесе во записникот, по што Управниот одбор едногласно го усвои записникот од XXXI седница одржана на 21.03.2008 година.*

***ТОЧКА 1-*** *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување*

*Стојан Петрески ги објасни предложените измени. Наведе дека со членот 13 став 1 од Правилникот за начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување е утврдено дека осигуреното лице заради користење на здравствени услуги во примарната здравствена заштита врши избор на лекар во дејноста на општа медицина, медицина на трудот, педијатрија, училишна медицина, гинекологија и општа стоматологија според местото на живеење односно на работа.*

*Со измените на овој став од член 13 на Правилникот се предлага осигуреното лице да може да изврши избор на лекар во примарната здравствена заштита без оглед на местото на живеење односно работа, со што на осигуреното лице му се овозможува изборот на лекар да го врши според свое наоѓање односно желба. Од друга страна пак од дејноста гинекологија често се случува кога осигуреното лице - жена неможе да изврши избор на лекар - гинеколог во местото на живеење бидејќи нема гинеколог.*

*Со член 16 уредени се случаите кога лекарот може да го одбие изборот на осигуреното лице. Според точка 1 на овој член лекарот може да го одбие изборот на осигуреното лице и во случај кога му е исплнет нормативот утврден со општ акт на Фондот.*

*Меѓутоа во праксата многу чести се случаите кога избраниот лекар го одбива осигуреното лице само поради тоа што живее во местото на избраниот лекар, а здравствено е осигурено преку работодавачот во друга подрачна служба, со образложение дека другата подрачна служба на Фондот не му плаќа капитација, што не е точно.*

*Со членот 93 од Правилникот утврдени се потребните обрасци за остварување на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или поради отсуство од работа за време на бременост, раѓање и мајчинство.*

*За целосно утврдување на висината на платата и точноста на податоците што ги даваат работодавачите со обрасците, како и за избегнување на можноста да бидат дадени неточни податоци, потребно е со овие обрасци да се достави и платниот список на вработените кај обврзникот за плаќање на придонесот.*

*Од овие причини се предлагаат наведените измени на одредбите на правилникот, а со цел за поедноставно користење на здравствените услуги кај избраниот лекар.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување***

*со кој се извршени предложените измени.*

***ТОЧКА 2-*** *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала*

*Објаснување по оваа точка дадоа директорот Тренкоски и Стојан Петрески. Наведоа дека со членот 44 став 1 од Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала, регулирано е правото на осигуреното лице на апарат за овозможување на гласен говор. Според став 2 на истиот член апаратот се доделува врз основа на наод и мислење на Клиниката за уво, нос и грло, која го препишува ова помагало. Со оглед на тоа дека оваа услуга ја пружаат и други здравствени установи освен Клиниката за уво, нос и грло, со измената се предлага дека наод и мислење може да издава, односно да го препишува и здравствена установа која ја извршила услугата. Со ова на осигурените лица ќе им се олесни остварувањето на тоа право.*

*Љубиша Каранфиловски праша дали со овој начин начин на издавање постои опасност од ослаба контрола, односно дали се можни злоупотреби на што од Стојан Петрески доби одговор дека таква опасност не постои.*

*Потоа, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала***

*со кој се овозможи наод и мислење да издава, односно да препишува и здравствена установа која ја извршила услугата.*

***ТОЧКА 3-*** *Информација за фактури од Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори“*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека Фондот, следејќи го работењето на оваа Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори“ утврди дека таа ги проби средствата наменети за првиот квартал и дека со тоа треба да биде запознаен Управниот одбор. Препорака на менаџментот е фактирите кои се доставени од болницата да се платат и истовремено на болницата да и се упати препорака да се држи до утврдената вредност на кварталниот буџет и да внимава со фактурирањето, како и до шестомесечието или до крајот на годината да се испегла пробивањето на средствата во кварталот. Од болницата се доставени и фактури за услуги кои не се според догворот помеѓу Фондот и болницата. Фактурирани се и услуги за кои поради природата на дејноста на болницата е потребно стручно лице да оцени дали се нужни и според тоа во согласност со договорот.*

*Љубиша Каранфиловски предложи да се размисли дали буџетот за болничка и специјалистичко-консултативна здравствена заштита е доволен и дали треба да се зголеми бидејќи пробивањата на буџетите може да укажуваат и на недоволност.*

*Директорот Тренкоски пак укажа дека нема буџетски простор за зголемување. Додаде дека откако Воената болница и Институти при Медицинскиот факултет обезбедија решенија од Министерството за здравство, Фондот со нив склучи договори и дека и за нив мораше да се обезбедат средства. Мора да се сфати дека буџетот не е неограничен и дека е многу тешко да се обезбедат вишок средства и тие правилно да се распоредат.*

*Страшо Наумоски истакна дека и кога би постоел вишок на средства, се поставува прашање дали тие треба да се насочуваат во болничка дејност како онаа на Филип Втори или е поцелисходно да се насочуваат во превентивата. Тоа важи за сите дејности.*

*Директорот Тренкоски додаде дека во 2005 година оваа болница имала околу 30 операции месечно а сега 100. Тоа се должи најмногу на упатувањето на поголем број на пациенти..*

*Борис Јосифовски истакна дека ова не е првпат Болницата Филип Втори да не го почитува догворот односно да го пречекорува кварталот а ние тоа секогаш сме го одобрувале.*

*Директорот Тренкоски објасни дека во важечкиот договор нема забрана за пречекорување на кварталот туку само на годишно ниво.*

*Се поведе дискусија околу договорот склуцен со Филип Втори и неговата специјалност и издвоеност од другите болници во државата. Бенифитите и негативностите од овој договор и одредени посебни клаузули и привилегираноста на специјален договор. Се предложи да се започне процес на измена на договорот и преговарање со Филип Втори за потпишување на нов договор кој ке биде унифициран како со сите болници во државата согласно критериумите и буџетот на ФЗОМ и во кој би било нагласено и*

*придржувањето кон квarталите. Со оглед на фактот што бараат вклучување на нови услуги во договорот со Фондот тоа ќе им биде предочено во преговорите*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:***

1. *Да се плати фактурата на болницата „Филип Втори“ со одбивање на услугите кои не се според договорот помеѓу Фондот и оваа болница. Кои услуги не се според договорот да оцени стручна комисија на Фондот.*
2. *Со болницата „Филип Втори“ да се преговара за склучување на стандарден договор во согласност со стандардите за плаќање утврдени во Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита.*

***ТОЧКА 4-*** *Приговор од работникот Брсакоски Благоја*

*Во врска со овој приговор објаснување даде Слаѓана Пешевска. Наведе дека како што им е познато на членовите на Управниот одбор од минатата седница, во Подрачната служба Прилеп каде работи и Брсакоски се во голема мерка нарушени меѓучовечките односи и работната дисциплина. Овој работник не е исклучок во тоа за што и лично се уверив при посетата на Прилеп. Поради состојбата во таа подрачна служба се превземени одредени мерки и се донесени неколку работници од Подрачната служба Битола. Предложи приговорот да се разгледа на некоја од наредните седници заедно со целокупната состојба во подрачната служба бидејќи се очекуваат и реакции по превземените мерки.*

*Страшо Наумоски го повтори својот став од претходната седница дека на состојбата во Подрачната служба Прилеп треба да и се пристапи внимателно за да не се наруши нејзиното функционирање, како и нарушените меѓучовечки односи и работна дисциплина да се решат на начин што нема да предизвика несакани последици.*

*По ова, членовите на Управниот одбор се согласија со предлогот на Слаѓана Пешевска и едногласно одлучија приговорот да се разгледа на некоја од наредните седници заедно со целокупната состојба во Подрачната служба Прилеп.*

***ТОЧКА 5-*** *Поднесок од работникот Герасим Тренчески*

*По оваа точка објаснување даде Лидија Маркузанова. Во врска со наводот од поднесокот дека работникот има право да ја задржи истата плата кога е преместен на друго работно место во последните пет години пред пензионирањето, наведе дека согласно Колективниот договор тоа се однесува на преместувањето од здравствени причини. Тоа не е случај кај овој работник. Сметаме и дека пензијата нема значително да се намали поради преместувањето.*

*Љубиша Каранфиловски укажа дека се работи за вреден работник чија работа им е позната на членовите на Управниот одбор, а според наводите во неговиот поднесок и кај менаџментот на Фондот постои расположение да му се излезе во пресрет. И покрај тоа што кадровската политика не спаѓа во делокругот на Управниот одбор, поради позитивната настроеност на менаџментот, посочи дека тој може да се распореди на советничко место и на тој начин да се придонесе во последната година пред пензионирањето да не му биде намалена пензиската основица.*

*Предлогот го поддржаа и останатите членови на Управниот одбор по што и директорот Тренкоски се согласи дека тоа е добро решение за барањето од овој работник.*

***ТОЧКА 6-*** *Барање од Здравствен дом Кавадарци за зголемување на буџетскиот плафон*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека барањето се заснова на вишок на вработени за кои се бараат средства. Со оглед што Фондот плаќа за услуги не можеме да плаќаме за вишокот на вработени.*

*Љубиша Каранфиловски додаде дека слична е состојбата и во Здравствениот дом Охрид а и во други домови по приватизацијата на примарната здравствена заштита. Смета дека, согласно порано усвоениот став на Управниот одбор по сличните барања за зголемување на буџетските плафони, треба да се почека до шест месеци од почетокот на годината за да се види дали буџетите на здравствените установи се соодветно димензионирани па дури тогаш да се испитува потребата од нивно менување.*

*Директорот Тренкоски дополни дека според официјална информација на Министерството за здравство до Владата, има 1890 прекубројни вработени во здравството. Тоа е значителна бројка но со оглед на позицијата на Фондот како купувач на услуги, не е состојба што треба ние да ја решаваме. Инаку, факт е дека здравствените домови сега даваат многу помалку услуги на осигурениците на Фондот отколку пред реорганизацијата а администрацијата им е иста.*

*По ова, Управниот одбор едногласно одлучи да се одбие барањето на Здравствениот дом Кавадарци.*

***ТОЧКА 7-*** *Барање од Специјалната болница Лешок за одобрување на средства за транспорт на апарати*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека болницата Лешок обезбедила донација на медицински помагала и апарати за кои треба да се плати превозот од Детроит, САД до Тетово преку солунското пристаниште. Од страна на Фондот средства за оваа намена може да се одобрат само со вклопување во инвестиционата програма и од ставката инвестиции за ЈЗУ. Во буџетот од ставката на здравствени услуги за тоа нема средства. Предложи за тоа да се одобрат средства поради малиот износ кој не би ја пробил буџетската ставка и да се даде до министерството на усогласување.*

*По ова, Управниот одбор донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Инвестиционата програма***

***ТОЧКА 8-*** *Барање на средства од Општа болница Охрид за санирање на претрпените оштетувања средства за оваа намена може да се одобрат само со вклопување во инвестиционата програма*

*И на ова барање, рече Ромела Поповиќ Трајкова се однесува претходно наведеното по барањето од болницата Лешок, односно средства за оваа намена може да се одобрат само со вклопување во инвестиционата програма. Во однос на ова барање се предложи пред да се одобрат средства прво точно да се утврди висината на штетата од стручни лица и соодветно на тоа да се испита можноста за одобрување на средства. Исто така треба да се провери дали болницата била осигурена за ваков вид на штети.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:*** *Стручна комисија на Фондот да ја испита висината на претрпената штета и да се провери дали болницата била осигурена за настанување на ваков вид на штети по што ќе се разгледува можноста за одобрување на средства.*

***ТОЧКА 9-*** *Разно*

*9.1 Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

*Објаснување по оваа точка даде Слаѓана Пешевска. Таа потсети дека на минатата седница Управниот одбор беше запознаен дека со одлука на Основниот суд Скопје II е поништен огласот за вработување на работници за внатрешна ревизија од 2005 година. Оваа одлука е донесена по иницијатива на двајца тужители кои претходно биле вработени во Фондот но биле прогласени за технолошки вишок. Согласно законот, при отворање на нови работни места соодветни на нивното образование во определен рок, прогласените за технолошки вишок треба да добијат предимство. Одлуката на судот која е во нивна корист создава обврска за Фондот да обезбеди работни места за двајцата тужители. Предложениот правилник е во таа насока а истовремено создава услови за задржување на внатрешните ревизори кои биле избрани на тој оглас. Ова е во интерес на Фондот од причина што внатрешната ревизија е високостручна работа за која е потребно време за обука за успешно извршување.*

*Членовите на Управниот одбор се согласија со објаснувањето по што едногласно се донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со кој се вршат следните измени:*
*Фонд за здравствено осигурување на Македонија - Скопје, во точка 9, бројот на извршители: "7" се заменува со бројот: "5".*
*По точката 9 се додава нова точка 9/1 која гласи:*
*"9/1 Помлад внатрешен ревизор, VII степен стручна спрема, правен или економски факултет, 2 години работен стаж, 2 извршители."*
*Во Глава I точка 10 бројот на извршители: "1" се заменува со бројот: "2".*
*Во Глава III точка 3/3: "Републички контролор-инспектор" бројот на извршители: "2" се заменува со бројот: "3".*
*Во Глава IV точка 3 бројот на извршители: "1" се заемнува со бројот: "2".*

*Подрачна служба - Битола, во точка 18 - Стручен соработник за регресни побарувања, бројот на извршители: "1" се заменува со бројот: "2".*

*9.2 Информација за Клиниката за пулмологија;*

*Стручните служби на ФЗОМ објаснија дека Клиниката за пулмологија требаше до Фондот да достави извештај за видот и обемот услуги што од нивна страна не е сторено. Затоа средствата наменети за оваа клиника (во висина од 10.000.000 денари) треба да се распоредат на други установи кои би ги обезбедиле овие услуги. Предлагаме од сите установи кои имаат можност и во моментот ја третираат оваа болест како сто се Лешок, Јасеново, Отешево да се побара до следната седница на Управниот одбор да достават план за вид и обем на услуги. Во истиот рок може и Клиниката за пулмологија да достави.*

*Предлогот беше поддржан од членовите на Управниот одбор по што едногласно се донесе*

***Заклучок:*** *Клиниката за пулмологија и Лешок, Јасеново, Отешево да се известат дека до следната седница на Управниот одбор може да конкурираат за средствата. За таа цел да достават план за вид и обем на услуги по што ќе се одлучи каде ќе се насочат средствата.*

*9.3 Информација за тендерот за лекови;*

*Директорот Тренкоски ги извести членовите на Управниот одбор дека некои од добавувачите по тендерот за лекови не се придржуваат кон договорите. Поради тоа менаџментот бара поддршка од Управниот одбор во односите со добававувачите да се реафирмира потребата за придржување кон договорите а во спротивно да се преземат чекори предвидени во одредбите на тие договори. Исто така укажа дека има појава и на фактурирање на лекови кои се надвор од тендерот.*

*Предлогот беше поддржан од членовите на Управниот одбор по што едногласно се донесе*

***Заклучок:*** *Управниот одбор го задолжува менаџерскиот тим строго да се придржува кон договорот и да ги превзема сите мерки при кршење на одредбите од тој договор, како сто се активирање на банкарски гаранции за оние кои не испорачуваат , склучување на договори со второрангираните се со цел да се обезбеди непречено снабдување со потребните лекови.*

*9.4 Барање за плаќање на заостанат придонес на рати од „Слога“ ДООЕЛ од с. Умин Дол, Куманово;*

*Објаснување по оваа точка даде Христо Трповски кој објасни дека барањето на „Слога“ ДООЕЛ од с. Умин Дол, Куманово се однесува на долгуван придонес за здравствено осигурување за периодот од април 2006 до октомври 2007 година во висина од 985.897,00 денари. Должникот бара да му се одобри плаќање на 12 (дванаесет) рати кои ќе ги плаќа истовремено со новостасаните обврски.*

*По објаснувањето, Управниот одбор согласно висината на обврската едногласно одлучи да се дозволи плаќање на долгот на 9 (девет) еднакви месечни рати. Должникот како обезбедување да достави банкарска гаранција во висина на обврската.*

*Со тоа дневниот ред на седницата беше исцрпен и Управниот одбор во 12.20 часот заврши со работата.*

| | |
|---|---|
| ***Записничар,*** | ***Управен одбор*** |
| ***Христо Трповски*** | ***Претседател,*** |
| | ***Аљбон Џемаили*** |